# Соработка помеѓу Република Македонија и Република Франција во областа на трудот

# Програма за билатерална соработка за периодот 2009-2011

**помеѓу**

**Министерство за труд и социјална политика**
**на Република Македонија**

**и**

**ГИП Интернационал**

**(Министерство за труд, општествени односи, семејство, солидарност и урбано живеење на Република Франција)**

## Преамбула

Сегашната програма за соработка во областа на трудот влегува во продолжението на претходните програми потпишани од ГИП Интернационал и од Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.

Како прва земја на Балканот што потпиша Спогодба за стабилизација и асоцијација (ССА) со Европската унија (2001), и која го постигна напредокот на патот за нормализација признат со доделувањето на статусот земја-кандидатка од страна на Европскиот Совет (декември, 2005 г.), Република Македонија од 2007 г. е квалификувана за новиот инструмент за претпристапна помош (ИПА).

Активностите за соработка на ГИП Интернационал пред сè имаат за цел да ги придружуваат општествените промени што се јавуваат како резултат на процесот на „проширување" на Европската унија. Со цел да им се излезе во пресрет на новите потреби на земјите-кандидатки, особено во областа на социјалната политика, ГИП Интернационал ги насочи своите активности кон споделување на демократските практики, почитување на социјалните норми, промовирање на концепт за развој заснован на социјален дијалог, помагање на политиките за обука за полесно вработување, борба против сиромаштијата, дискриминацијата, социјалните исклучувања.

Оваа соработка има за цел да му обезбеди на Министерството за труд и социјална политика техничка поддршка за потребните реформи и олеснување на структуралните развои што се потребни поради економскиот развој и европските текови. *Acquis communautaire* кој ги опфаќа минималните норми во домените како што се правото на работа, на еднаквост, на здравје и безбедност на работното место, антидискриминација, претставува една од рамките на интервенција од страна на ГИП Интернационал.

Активностите во рамките на соработката помеѓу ГИП Интернационал (Министерство за труд, општествени односи, семејство, солидарност и урбано живеење) и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, соработка која започна во 2006 г., се усогласени со стратешките цели дефинирани од страна на македонската Влада во областа на трудот, вработувањето и безбедноста и здравјето при работа. Активностите на соработка наведени во втората програма за повеќегодишна соработка 2007-2008 ги зедоа предвид новите очекувања на македонската страна.

Генералната дирекција за труд обезбеди техничка помош на Државниот инспекторат за труд наменета за усогласување на македонското законодавство со европските директиви за здравје, заштита и безбедност на вработените. Активностите за транспонирање на европските директиви (привремени и мобилни градилишта, азбест, место на работа) беа реализирани во 2008 г.

Следејќи го претставувањето на францускиот систем за управување со националните програми, финансирани од европските социјални фондови за време на студиската посета на одговорните лица од Македонија во Франција во 2007 година, методите за воведување на управување со програмите финансирани од Европските социјални фондови (ЕСФ) се проучуваа во рамки на мисијата реализирана од мрежа на експерти за поддршка и за финансирање на европските иновации (RACINE).

# Презентација, концепт и следење на програмата

## 1. Глобална стратегија: повеќегодишни политики и проекти

Постојната програма е насочена кон една област (безбедност и здравје при работа) која се сведува на два повеќегодишни проекта.

## 2. Оперативен пристап: годишни активности

Воведувањето стратешка политика е наведено во годишните програми кои ги прецизираат активностите што треба да се преземат за да се постигнат утврдените општи цели, како и календарот за нивната реализација.
Овие активности налагаат четири домени на понуда на услуги од страна на ГИП Интернационал за развивање на политики од областа на трудот, вработувањето и на професионалната обука.

- 1. Инстуционална поддршка;
- 2. Обука;
- 3. Јакнење на капацитетите;
- 4. Развивање на алатки за дејствување.

Активностите се дадени во вид на список на кој се наведени нивните цели и условите за нивно реализирање.

## 3. Постојано следење и засилена координација

Следењето на реализацијата на програмата ќе се врши на координиран начин. Секоја активност е предмет на поедноставен извештај. За мисиите во Македонија, овој извештај го обезбедуваат француските експерти што ја спроведуваат мисијата во контакт со раководителот на францускиот проект. За посетите во Франција, овој извештај се изработува од страна на раководителот на францускиот проект во соработка со раководителот на македонскиот проект.

Годишното оценување на реализацијата на овие проекти е воведено од раководителите на проектот во поглед на извештаите за дејствувањето, а годишниот состанок дозволува да се процени квалитетот и состојбата на напредокот на целокупната повеќегодишна програма.

## 4. Реципрочна размена на информации

Оваа рамка на соработка во областа на трудот може да наложи едната или другата страна да обезбедат информации и документација без да мора да се организира патување на експертите.
Во овој случај, треба да се достави барање до ГИП Интернационал, кој самиот не дава информации туку го препраќа одговорот на ова барање.

## 5. Заемно ангажирање за реализација на активностите

За сите активности предвидени со програмата, важат следните општи услови за реализација на активностите:

1. Реализација на мисиите во Република Македонија

За Франција, ГИП Интернационал презема обврска да:

- ги испраќа француските експерти во Македонија и финансиски да ги покрие нивните патувања во Македонија и назад;
- да обезбеди дневници на експертите за да може да ги подмират трошоците за својот престој (хотел, ресторан, деловно патување);
- да изврши резервација на соби во хотел со помош на службите за соработка и за културни дејства при амбасадите на Франција и на Македонија.

За Република Македонија, МТСП презема обврска да:

- изработи работна програма и програма на состаноци;
- да ги обезбеди сите потребни трансфери за патување на француските експерти за реализација на програмата;
- да обезбеди успешно преведување на размените.

2. Реализација на посетите во Франција

За Република Македонија, МТСП презема обврска да:

- ги испраќа македонски експерти во Франција и финансиски ги покрива патните трошоци во Франција и назад;
- да обезбеди успешно преведување на размените.

За Франција, ГИП Интернационал презема обврска да:

- изработи работна програма и програма за состаноци од страна на претставници одговорни за активностите;
- да резервира и плаќа хотелско сместување за експертите;
- да ги финансира сите трансфери потребни за префрлање на македонските експерти за реализација на програмата.

ГИП Интернационал ќе го извести секој македонски експерт, веднаш по неговото пристигнување на аеродромот, за сите прецизности во врска со организацијата на приемот. Секој експерт ќе го прими износот потребен за плаќање на трошоците за транспорт или за храна, кои ќе треба директно да ги подмири во рамките на реализацијата на приемот на кој учествува.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПРОГРАМА 2009 - 2011**

**Област: Труд**

**СТРАТЕШКА ПОЛИТИКА**

**Поддршка за транспонирање и за имплементација на европското законодавство од областа на здравјето и безбедноста на работното место**

## 1. Опис на стратешките политики

Станува збор за обезбедување техничка поддршка на македонското Министерство за труд и социјална политика (МТСП) и на Државниот инспекторат за труд (ДИТ) за транспонирање на европските директиви за здравје и безбедност на работното место и имплементација на транспонираното законодавство.

Оваа поддршка ќе се спроведе преку:
- фаза на транспонирање на директивите во националното законодавство;
- помош во имплементација на транспонираните регулативи.

## 2. Контекст

До сега, Република Македонија има транспонирано 11 европски директиви од областа на здравјето и безбедноста при работа.

Стратешката политика се стреми кон јакнење на капацитетите МТСП и службите на ДИТ преку поддршка во:

- Транспонирање на текстови од директивите на Заедницата во националното законодавство идентификувани од македонската страна;
- Размена на искуства и на добри пракси при спроведувањето на прописите за заштита од азбест и на прописите за здравје и безбедност на работното место на привремени или мобилни градилишта;
- Методологија за надзор на ДИТ врз ефикасноста на транспонираните прописи

## 3. Методи на интервенција

Стратешката политика се применува на следните проекти:

**Проект бр.1**: Поддршка во транспонирање на директивите на Заедницата: Проект започнат во 2007 г, кој ќе продолжи во 2010 и 2011 г.

**Проект бр.2**: Јакнење на капацитетите на ДИТ: 2009 г. и 2010 г.

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ПРОГРАМА 2009 - 2011**

**Област: Труд**

### Стратешка политика:

### Поддршка за транспонирање и имплементација на европското законодавство од областа на здравјето и безбедноста на работното место

**Проект бр.1: Поддршка во транспонирање на директивите на Заедницата од областа на здравјето и безбедноста при работа**

**Раководители на проект:**

**Република Македонија:** Ацо ЈАНЕВСКИ, Државен советник за европски интеграции при Министерството за труд и социјална политика;
Тел. 00 389 2 3106 443
Fax : 00 389 2 3118 242.
ajanevski@mtsp.gov.mk.
Елена НИКОЛОВСКА, Помлад соработник во одделението за меѓународна соработка при Министерството за труд и социјална политика;
Тел: 00 389 2 3106 262;
Fax: 00 389 2 3118 242;
enikolovska@mtsp.gov.mk

**Република Франција:** Мари-Кристин БОДУРЕ, одговорно лице за меѓународна соработка при Мисијата за поддршка на евалуација, за планирање и за европски и меѓународни прашања на Генералниот директорат за труд;
Тел: 00 33 1 44 38 25 14
marie-christine.bauduret@dgt.travail.gouv.fr
Во соработка со Даниел КСИРО, одговорно лице за Мисијата за европски и меѓународни активности при Националниот институт за труд, за вработување и за професионална обука;
Тел: 00 33 4 78 87 49 84;
daniel.xirau@intefp.travail.gouv.fr

1. **Опис на проектот:**

Проектот има за цел да обезбеди поддршка на транспонирањето на две директиви од областа на здравјето и безбедноста на работното место во националното законодавство:

- Директива 2004/37/ЕС за заштита на работниците од ризици поврзани со изложеноста на канцерогени агенси или на нивни мутагени агенси на работното место;
- Директива 2004/40/ЕС за минималните прописи за безбедност и здравје поврзани со изложеност на работниците на ризици од физички агенси (електромагнетни полиња).

## 2. Општи цели:

Во согласност со начелата поставени во директивите на Европската Унија:

- Развивање на капацитетите на МТСП и ДИТ за подготовка на национална регулаторна рамка за транспонирање и за спроведување на европското законодавство;
- Зајакнување на капацитетите на МТСП и ДИТ во однос на подготовката на политиките и на стратешките документи од областа на здравјето и безбедноста при работа;
- Подобрување на методите на работа.

## 3. Посебни цели:

Размена на искуства и добри пракси во областа на директивите што претставуваат цел на проектот.

## 4. Очекувани резултати:

Текстовите за транспонирање на директивите што претставуваат цел на проектот се подготвуваат во поглед на усогласеност на националното законодавство со *acquis communautaire.*

Зголемено е нивото на доближување на националното законодавство до европското законодавство во областа на здравјето и безбедноста на работното место.

## 5. Квантитативни показатели и показатели на влијание:

- Функционалната организација на МТСП и на ДИТ спроведена за да одговори на целта за подготвување на политиките и на стратешките документи за здравје и безбедност при работа во согласност со директивите на ЕУ;
- Прегледи на усогласеноста на националните прописи со директивите на Европската заедница и на националните прописи за здравје и за безбедност при работа (табели за коренспонденција);
- Број на изработени транспонирани текстови.

## 6. Соодветни ангажмани на обете страни:

Министерство за труд и социјална политика:

- Обезбедува место и потребни средства за спроведување на обуката и на работата на експертите за време на нивната мисија;
- Се грижи да обезбеди присуство на доволен број службеници на состаноците и на предвидената обука;
- Ја обезбедува потребната помош за сместување и за локален транспорт на експертите, како и на целокупната логистика што произлегува од мисиите на експертите;
- Обезбедува консекутивен превод од француски на македонски јазик и обратно;
- Организира и обезбедува ручек и паузи за време на мисиите на експертите;
- Одговорно е за транспортните трошоци на македонската делегација која се враќа од научната посета во Франција.

ГИП Интернационал е одговорен:

- За почитување на финансиските обврски, за ставање на човечките ресурси на располагање, како и за логистичката организација;

- За утврдување на предусловите и за реализирање на секоја активност;
- За оценување на реализацијата на предвидените и на претстојните активности на секое тромесечје;
- По секоја спроведена, односно завршена активност, се изготвува краток извештај (се посочува бројот и квалитетот кај лицата со искуство или обучените лица);
- За мисиите во Р. Македонија извештајот се подготвува од страна на експертите кои ја извршиле мисијата во соработка со раководителот на македонскиот проект. За мисиите во Франција извештајот го подготвува раководителот на францускиот проект во соработка со раководителот на македонскиот проект;
- Раководителите на проектот подготвуваат годишен преглед на реализацијата на проектот во поглед на извештаите за активностите, а состанокот на крајот на годината овозможува да се процени квалитетот и напредокот на севкупната повеќегодишна програма.

7. **Производство / Капитализација:**

Двете страни ги подготвуваат и ги потврдуваат извештаите од мисиите на експертите, од обуката и од научната посета.

МТСП и ДИТ ги транспонираат утврдените директиви во националното право.

8. **Прелиминарен распоред на проектот:**

**2009** :

Нема предвидени активности во 2009 г.

**2010** :

- Активност бр.1: МКД 1.1.1.0.1 (транспонирање на Директивата за изложеност на канцерогени агенси и на нивни мутагени агенси на работното место): јуни 2010 г. — Мисија на експертиза во Македонија.

**2011** :

- Активност бр.2: МКД 1.1.1.0.2 (транспонирање на Директивата за електромагнетни полиња): Програма за прецизирање на напредокот на работите од ревизијата на директивите кои ќе започнат во 2010 г. – Мисија на експертиза во Македонија.

9. **Инструменти за следење:**

Подготовка и потврдување на извештаите од секоја активност.
Табела за евалуација на реализацијата на активностите.

10. **Фази на проектот:**

**Јуни - јули 2010 г.:** Дел од етапата се реализира меѓу раководителите на француските и на македонските проекти од областа на трудот, како и од страна на лица од Македонија одговорни за различни активности. Бараната цел е да се ажурира табелата за евалуација на соработката и да се подготви прецизна програма на активностите за 2010 г.

**Јуни - јули 2011 г.**: Дел од етапата се реализира помеѓу раководителите на француските и на македонските проекти од областа на трудот, како и од страна на лица од Македонија одговорни за различни активности. Бараната цел е да се ажурира табелата за евалуација на соработката и да се подготви прецизна програма за активностите за 2011 г.

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ПРОГРАМА 2009-2011г.**

**Област: труд**

**Проект за приклучување: Помош за транспонирање на директивите на Заедницата од областа на здравјето и безбедноста при работа**

**Активност бр.1 : МКД 1.1.1.0.1**
**Поддршка во транспонирање на Директивата за ризици од изложеност на канцерогени или на мутагени агенси на работното место**

**Одговорни за активноста:**

**Република Македонија:** Ацо ЈАНЕВСКИ, Државен советник за европски интеграции при Министерството за труд и социјална политика;
Тел. 00 389 2 3106 443;
Fax : 00 389 2 3118 242;
ajanevski@mtsp.gov.mk.
Елена НИКОЛОВСКА, Помлад соработник во одделението за меѓународна соработка при Министерството за труд и социјална политика;
Тел: 00 389 2 3106 262;
Fax: 00 389 2 3118 242;
enikolovska@mtsp.gov.mk

**Франција:** Мари-Кристин БОДУРЕ, одговорно лице за меѓународна соработка при Мисијата за поддршка на евалуација, за планирање и за европски и меѓународни прашања на Генералниот директорат за труд;
Тел: 00 33 1 44 38 25 14;
marie-christine.bauduret@dgt.travail.gouv.fr

Во соработка со Даниел КСИРО, одговорно лице за Мисијата за европски и меѓународни активности при Националниот институт за труд, вработување и професионална обука;
Тел: 00 33 4 78 87 49 84;
daniel.xirau@intefp.travail.gouv.fr

1. **Опис:**

Мисија која има за цел да помогне при транспонирање на Директивата 2004/37/ЕС во врска со заштита на работниците од ризици од изложеност на канцерогени и на мутагени агенси на работното место.

2. **Целна група:**

Четворица службеници одговорни за изработка на текстовите за транспонирање на националното право: тројца од ДИТ и еден од МТСП.

3. **Посебни цели:**

Подготвување на правилникот за транспонирање.
Предлагање на методологија за консултации во врска со подготвениот нацрт-текст со цел истиот да се усвои.

4. **Очекувани резултати:**

Изработен преглед на усогласеноста (коренспондентна табела) на националните прописи со предвидената директива на Заедницата.

5. **Квантитативни показатели на активноста кај корисникот:**

Подготвените нацрт- текстови за транспонирање се изработени со цел да се усвојат.

6. **Предложени предуслови**

Лектурата на преводот на Директивата се реализира пред Мисијата на експертизата.
Се изработува речник на технички термини.

7. **Времетраење:**

Пет работни дена во Скопје и два работни дена во пат за експертите.

8. **Број на експерти кои учествуваат:**

Два експерта се назначуваат од страна на Генералниот директорат за вработување на Европската Комисија.

9. **Период на реализација:**

Јуни 2010 г.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПРОГРАМА 2009-2011г.**

**Област: Труд**

**Проект за приклучување: Поддршка за транспонирање на директивите на Заедницата за здравје и безбедност при работа**

**Активност бр.2: МКД 1.1.1.0.2**

**Поддршка за транспонирање на Директивата за ризици од електромагнетни полиња**

**Одговорни за активноста:**

**Република Македонија:** Ацо ЈАНЕВСКИ, Државен советник за европски интеграции при Министерството за труд и социјална политика;
Тел. 00 389 2 3106 443;
Fax : 00 389 2 3118 242;
ajanevski@mtsp.gov.mk.
Елена НИКОЛОВСКА, Помлад соработник во одделението за меѓународна соработка при Министерството за труд и социјална политика;
Тел: 00 389 2 3106 262;
Fax: 00 389 2 3118 242;
enikolovska@mtsp.gov.mk

**Франција:** Мари-Кристин БОДУРЕ, одговорно лице за меѓународна соработка при Мисијата за поддршка на евалуација, планирање и за европски и меѓународни прашања на Генералниот директорат за труд;
Тел: 00 33 1 44 38 25 14;
Електронска пошта: marie-christine.bauduret@dgt.travail.gouv.fr

Во соработка со Даниел КСИРО, одговорно лице за Мисијата за европски и меѓународни активности при Националниот институт за труд, вработување и професионална обука;
Тел: 00 33 4 78 87 49 84;
Електронска пошта: daniel.xirau@intefp.travail.gouv.fr

1. **Опис:**

Мисија која има за цел да помогне во транспонирање на директивата 2004/40/ЕС која се однесува на минималните прописи за безбедност и за здравје при изложеност на работниците на ризици од физички агенси (со електромагнетни полиња).

2. **Целна група:**

Четворица службеници одговорни за изработка на текстовите за транспонирање на националното право: тројца од ДИТ и еден од МТСП.

3. **Посебни цели:**

Подготвување на правилникот за транспонирање.
Предложување на методологија за консултации во врска со подготвениот нацрт-текст со цел истиот да се усвои.

4. **Очекувани резултати:**

Изработен преглед за усогласеноста на националните прописи со предвидената директива на Заедницата.

5. **Квантитативни показатели на активноста кај корисникот:**

Нацртите на текстовите за транспонирање се подготвуваат за да се усвојат.

6. **Предложени предуслови:**

Лектурата на преводот на Директивата се реализира пред Мисијата на експертизата.
Се изработува речник на технички термини.

7. **Времетраење:**

Пет работни дена во Скопје и два работни дена во пат за експертите.

8. **Број на експерти кои учествуваат:**

Два експерта се назначуваат од страна на Генералниот директорат за вработување на Европската Комисија.

9. **Период на реализација:**

2011 г. во зависност од напредокот на ревизијата на Директивата започната во 2010.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПРОГРАМА 2009 - 2011**

**Област: Труд**

## Стратешка политика:

Поддршка за транспонирање и имплементација на европското законодавство од областа на здравјето и безбедноста на работното место

**Проект бр.2: Јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд (ДИТ)**

**Раководители на проект:**


**Република Македонија:** Ацо ЈАНЕВСКИ, Државен советник за европски интеграции при Министерството за труд и социјална политика;
Тел. 00 389 2 3106 443;
Fax : 00 389 2 3118 24;
ajanevski@mtsp.gov.mk.
Елена НИКОЛОВСКА, Помлад соработник во одделението за меѓународна соработка при Министерството за труд и социјална политика;
Тел: 00 389 2 3106 262;
Fax: 00 389 2 3118 242;
enikolovska@mtsp.gov.mk

**Франција:** Даниел КСИРО, одговорно лице за Мисијата за европски и за меѓународни активности при Националниот институт за труд, за вработување и за професионална обука;
Тел. : 00 33 4 78 87 49 84;
Електронска пошта : daniel.xirau@intefp.travail.gouv.fr
Во соработка со Мари-Кристин БОДУРЕ, одговорно лице за меѓународна соработка при Мисијата за поддршка на евалуација, за планирање и за европски и меѓународни прашања на Генералниот директорат за труд;
Тел. : 00 33 1 44 38 25 14;
Електронска пошта: marie-christine.bauduret@dgt.travail.gouv.fr


### 1. Опис на проектот:

Проектот има за цел да им овозможи на трудовите инспектори да ги имплементираат транспонираните прописи.

### 2. Општа цел:

Во согласност со принципите поставени од директивите на Европската Унија, се приспособуваат постапките за интервенција на ДИТ со цел да се гарантира ефективноста на транспонираното право.

3. **Посебни цели:**

– Поддршка во приспособувањето на методологијата за надзор;
– Размена на искуства и на добра пракса во областа на целните директиви за проектот.

4. **Очекувани резултати:**

Развиени потребни познавања и вештини за спроведување инспекции во доменот на транспонираните директиви (за мобилни и привремени градилишта и за ризиците од изложеност на азбест) како и способностите за поддршка/совет во овие области.

5. **Квантитативни показатели и показатели на влијание:**

Околу 50 трудови инспектори се обучени за методологијата за контрола и за превенција на мобилните и привремени градилишта и на ризиците од изложеност на азбест.

6. **Соодветни ангажмани:**

Министерство за труд и социјална политика:

- Обезбедува место и потребни средства за спроведување на обуката и на работата на експертите за време на нивната мисија;
- Се грижи да обезбеди присуство на доволен број службеници на состаноците и на предвидената обука;
- Ја обезбедува потребната помош за сместување и за локален транспорт на експертите, како и на целокупната логистика што произлегува од мисиите на експертите;
- Обезбедува консекутивен превод од француски на македонски јазик и обратно;
- Организира и обезбедува ручек и паузи за време на мисиите на експертите;
- Одговорно е за транспортните трошоци на македонската делегација која се враќа од научната посета во Франција.

ГИП Интернационал е одговорен:

- За почитување на финансиските обврски, за ставање на човечките ресурси на располагање, како и за логистичката организација;
- За утврдување на предусловите и за реализирање на секоја активност;
- За оценување на реализацијата на предвидените и на претстојните активностите на секое тромесечје;
- По секоја спроведена, односно завршена активност, се изготвува краток извештај (се посочува бројот и квалитетот кај лицата со искуство или обучените лица). За мисиите во Р. Македонија извештајот се подготвува од страна на експертите кои ја извршиле мисијата во соработка со раководителот на македонскиот проект. За мисиите во Франција извештајот го подготвува раководителот на францускиот проект во соработка со раководителот на македонскиот проект;
- Раководителите на проектот подготвуваат годишен преглед на реализацијата на проектот во поглед на извештаите за активностите, а состанокот на крајот на годината овозможува да се процени квалитетот и напредокот на севкупната повеќегодишна програма.

7. **Производство/ Капитализација:**

Двете страни ги подготвуваат и ги потврдуваат извештаите од мисиите на експертите, од обуката и од научната посета.

МТСП и ДИТ ги имплементираат транспонираните директиви во националното право.

8. **Прелиминарен распоред на проектот:**

**2009 г.:**

Активност бр.1: МКД 1.1.2.0.1: Поддршка за имплементирање на прописите од транспонирањето на директивата 83/477/ЕС (ризици поврзани со азбестот) - Експертска мисија во Република Македонија.

**2010 г.:**

Активност бр.2: МКД 1.1.2.0.2: Поддршка за имплементирање на прописите од транспонирањето на директивата 92/57/ЕС (мобилни и привремени градилишта) - Експертска мисија во Република Македонија.

Активност бр.3: МКД 1.1.2.0.3: Поддршка за усвојување на прописите од транспонирањето на директивите 83/477/ЕС (ризици поврзани со азбестот) и 92/57/ЕС (мобилни и привремени градилишта) – Студиска посета во Франција.

9. **Инструменти за следење:**

Подготовка и потврдување на извештаите од секоја активност.
Табела за евалуација на реализацијата на активностите.

10. **Фази на проектот:**

**Јуни - јули 2010 г.:** Дел од етапата се реализира помеѓу раководителите на француските и на македонските проекти од областа на безбедноста и здравјето при работа, како и со лица од Р. Македонија одговорни за различни активности. Бараната цел е да се ажурира табелата за евалуација на соработката и да се подготви прецизна програма за активностите за 2010 г.

**Јуни - јули 2011 г.:** Дел од етапата се реализира помеѓу раководителите на француските и македонските проекти од областа на безбедноста и здравјето при работа, како и со лица од Р. Македонија одговорни за различни активности. Бараната цел е да се ажурира табелата за евалуација на соработката и да се подготви прецизна програма за активностите за 2011 г.

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ПРОГРАМА 2009 - 2011**

**Област: Труд**

**Проект за приклучување: Јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд (ДИТ)**

**Активност бр. 1 : МКД 1.1.2.0.1**

**Поддршка за имплементација на Директивата за ризици од изложеност на азбест**

**Одговорни за активноста:**

**Република Македонија:** Ацо ЈАНЕВСКИ, Државен советник за европски интеграции при Министерството за труд и социјална политика;
Тел. 00 389 2 3106 443:
Fax : 00 389 2 3118 242;
ajanevski@mtsp.gov.mk.
Елена НИКОЛОВСКА, Помлад соработник во одделението за меѓународна соработка при Министерството за труд и социјална политика;
Тел: 00 389 2 3106 262;
Fax: 00 389 2 3118 242;
enikolovska@mtsp.gov.mk

**Франција:** Даниел КСИРО, одговорно лице за Мисијата за европски и меѓународни активности при Националниот институт за труд, за вработување и за професионална обука;
Тел. : 00 33 4 78 87 49 84;
Електронска пошта : daniel.xirau@intefp.travail.gouv.fr
Во соработка со Мари-Кристин БОДУРЕ, одговорно лице за меѓународна соработка при Мисијата за поддршка на евалуација, за планирање и за европски и меѓународни прашања на Генералниот директорат за труд;
Тел. : 00 33 1 44 38 25 14;
Електронска пошта: marie-christine.bauduret@dgt.travail.gouv.fr

1. **Опис:**

Мисија која има за цел да помогне при имплементација на нови прописи што произлегуваат од транспонирањето на Директивата 83/477/ЕС во врска со заштита на работниците од ризиците поврзани со изложеност на азбест.

2. **Целна група:**

30 трудови инспектори.

3. **Посебни цели:**

Разбирање на влијанијата на новите прописи.
Јакнење на капацитетите за советодавна помош во областа на новите прописи.
Приспособување на методологијата за контрола.

4. **Очекувани резултати:**

Усогласени методолошки постапки за надзор.

5. **Квантитативни показатели на активноста кај корисникот:**

Трудовите инспектори се способни да го контролираат почитувањето на новите прописи.

6. **Предложени предуслови:**

Директивата 83/477/ЕС е транспонирана во националното право, а транспонираната англиска верзија на прописите им е предадена на француските експерти пред реализирање на нивната мисија.

7. **Времетраење:**

Два работни дена во Скопје и два работни дена во пат за експертите.

8. **Број на експерти кои учествуваат:**

Двајца експерта се назначуваат од страна на Генералниот директорат за вработување на Европската Комисија (во соработка со Националниот институт за труд, за вработување и за професионална обука - ИНТЕФП).

9. **Период на реализација:**

Ноември 2009 г.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПРОГРАМА 2009 - 2011**

**Област: Труд**

**Проект за приклучување: Јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд (ДИТ)**

**Активност бр. 2: МКД 1.1.2.0.2**

**Поддршка во имплементација на Директивата за мобилни и привремени градилишта**

**Одговорни за активноста:**

**Република Македонија:** Ацо ЈАНЕВСКИ, Државен советник за европски интеграции при Министерството за труд и социјална политика;
Тел. 00 389 2 3106 443;
Fax : 00 389 2 3118 242;
ajanevski@mtsp.gov.mk.
Елена НИКОЛОВСКА, Помлад соработник во одделението за меѓународна соработка при Министерството за труд и социјална политика;
Тел: 00 389 2 3106 262;
Fax: 00 389 2 3118 242;
enikolovska@mtsp.gov.mk

**Франција:** Даниел КСИРО, одговорно лице за Мисијата за европски и меѓународни активности при Националниот институт за труд, за вработување и за професионална обука;
Тел. : 00 33 4 78 87 49 84;
Електронска пошта : daniel.xirau@intefp.travail.gouv.fr
Во соработка со Мари-Кристин БОДУРЕ, одговорно лице за меѓународна соработка при Мисијата за поддршка на евалуација, за планирање и за европски и меѓународни прашања на Генералниот директорат за труд ;
Тел. : 00 33 1 44 38 25 14;
Електронска пошта: marie-christine.bauduret@dgt.travail.gouv.fr

1. **Опис:**

Мисија која има за цел да помогне при имплементација на нови прописи што произлегуваат од транспонирањето на Директивата 92/57/ЕС која се однесува на мобилните и привремените градилишта.

2. **Целна група:**

30 трудови инспектори.

3. **Посебни цели:**

Разбирање на влијанијата на новите прописи.
Јакнење на капацитетите за советодавна помош во областа на новите прописи.
Приспособување на методологијата за контрола.

4. **Очекувани резултати:**

Усогласени методолошки постапки за надзор.

5. **Квантитативни показатели на активноста кај корисникот:**

Трудовите инспектори се способни да го контролираат почитувањето на новите прописи.

6. **Предложени предуслови:**

Директивата 92/57/ЕС е транспонирана во националното право, а транспонираната англиска верзија на прописите им е предадена на француските експерти пред реализирање на нивната мисија.

7. **Времетраење:**

Два работни дена во Скопје и два работни дена во пат за експертите.

8. **Број на експерти кои учествуваат:**

Двајца експерти се назначуваат од страна на Генералниот директорат за вработување на Европската Комисија (во соработка со Националниот институт за труд, за вработување и за професионална обука - ИНТЕФП).

9. **Период на реализација:**

Прво тромесечје од 2010 година.

## РЕПУБЛИКА ФРАНЦИЈА

**ПРОГРАМА 2009 - 2011**

**Област: Труд**

**Проект за приклучување: Јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд (ДИТ)**

**Активност бр. 3: МКД 1.1.2.0.3**

**Поддршка за надзор на применувањето на прописите за здравје и безбедност при работа**

**Одговорни за активноста:**

**Република Македонија:** Ацо ЈАНЕВСКИ, Државен советник за европски интеграции при Министерството за труд и социјална политика;
Тел. 00 389 2 3106 443;
Fax : 00 389 2 3118 242.;
ajanevski@mtsp.gov.mk.
Елена НИКОЛОВСКА, Помлад соработник во одделението за меѓународна соработка при Министерството за труд и социјална политика;
Тел: 00 389 2 3106 262;
Fax: 00 389 2 3118 242;
enikolovska@mtsp.gov.mk

**Франција:** Даниел КСИРО, одговорно лице за Мисијата за европски и меѓународни активности при Националниот институт за труд, за вработување и за професионална обука;
Тел. : 00 33 4 78 87 49 84;
Електронска пошта: daniel.xirau@intefp.travail.gouv.fr
Во соработка со Мари-Кристин БОДУРЕ, одговорно лице за меѓународна соработка при Мисијата за поддршка на евалуација, за планирање и за европски и меѓународни прашања на Генералниот директорат за труд;
Тел. : 00 33 1 44 38 25 14;
Електронска пошта: marie-christine.bauduret@dgt.travail.gouv.fr

1. **Опис:**

Мисијата има за цел да ѝ овозможи на македонската делегација да има увид во искуствата со добра пракса во Франција со цел ефикасно спроведување на прописите од областа на здравје и безбедност при работа.

2. **Целна група:**

Вработени во ДИТ.

3. **Посебни цели:**

Претставување на францускиот модел за контролните посети на градилиштата (пожелна е посета на градилиште за отстранување на азбестот).

4. **Очекувани резултати:**

Зајакнување на капацитетите во спроведувањето на контролните посети на градилиштата.

5. **Квантитативни показатели на активноста кај корисникот:**

Експертите кои престојуваат во Македонија даваат извештај за користа од научната посета и за практичните влијанија врз начините на кој интервенира ДИТ во Македонија.

6. **Времетраење:**

Пет работни дена во Франција и два дена во пат на експертите.

7. **Број на експерти кои учествуваат:**

Четворица експерти се назначуваат од страна на ДИТ во придружба на преведувач.

8. **Период на реализација:**

Четвртото тромесечје од 2010 г.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр.
22 10 20 09 год.

# АКТИВНОСТИ ЗА ПОДГОТОВКА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

## ПОТПИШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СОРАБОТКА

Потпишувањето на програмата за соработка ќе се изврши преку коресподенција во два примерока на француски и два примерока на македонски јазик.

## КООРДИНАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ

**Координација, техничко следење и процена на соработката**

Со цел да се обезбеди координација, техничко следење, процена на активностите за соработка предвидени со оваа програма, се утврдуваат 15 дена за експертиза (код за делување МКД 5.0.0.0.1).

Потпишано во................., на 2009

*За Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија*

**Министер**

**Xhelal BAJRAMI**

*За Министерство за труд, општествени односи, семејство,солидарност и урбано живеење на Република Франција*

**Претседател на GIP International**

**M. Michel THIERRY**

p/o